# Претрес во кичевско, пронајдени оружје и муниција, лишено од слобода едно лице

17/04/2026



На 16.04.2026 во 16:15 часот во с.Горно Душогубица, кичевско, полициски службеници од надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево го лишија од слобода бил Г.С.(66) од Кичево поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело по член 396 од Кривичниот законик.

При претрес во неговиот дом и помошни простории во с.Горно Душогубица, извршен со наредба од Основен суд Кичево, пронајдени с еи одземение ловечки карабин „Маузер“ калибар 7,9мм, ловечка пушка „Застава“ М75 калибар 12мм, пиштол „Застава“ М57 калибар 7,62мм со празна рамка, 23 ловечки патрони, 18 куршуми за пиштол калибар 7,62мм, 10 куршуми за карабин 9мм и други предмети.

Лицето е задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2026 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.